Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27-08-2014
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10 | 43/8/2 | 1 |

# ИЗВЕШТАЈ

**од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, емитуван на 4 август 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово од 4 август 2014 година, е констатирано **прекршување на член 99 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (во програмите за деца кои траат повеќе од 30 минути, без времето одвоено за рекламирање и телешопинг, може да се емитуваат рекламни и/или телешопинг спотови еднаш за секој период од 30 минути).

Во програмата за деца „Котиледонија" е регистрирано емитување на два рекламни блока, а времетраењето на емисијата, без времето одвоено за рекламирање и телешопинг е 49 минути и 26 секунди.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Рекламни блокови во емисијата | |
|---|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Почеток | Крај |
| Емисија за деца „Котиледонија" | 13:11:14 | 14:06:33 | 13:11:31<br>13:44:24 | 13:14:15<br>13:47:16 |

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 99 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, на 4 август 2014 година, во програмата за деца „Котиледонија" чие времетраење, без времето одвоено за рекламирање и телешопинг е 49 минути и 26 секунди, се емитувани два блока рекламирање.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.08.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 99 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).